Врз основа на член 20 став 3 точка 8 и член 30 став 11 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22), а во врска со член 27 став 3 точка 8 и член 43 став 4 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29.03.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишната програма за континуирано професионално усовршување за 2024 година**

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Годишната програма за континуирано професионално усовршување за 2024 година предложена од Комисијата за образование, наука и публикации при Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија број 0206-106/1, предложена на седница одржана на 29.03.2024 година.

Член 2

Годишната програма за континуирано професинално усовршување да се достави до Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија за нејзино донесување.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Арх.бр. 0202-107
29.03.2024 година

Претседател на
Управен одбор на ИСОС
Весна Прентоска